РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-3812-2
08.04. 2013 год.
Скопје

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на 18. седница одржана на 26.03.2013 година, донесе

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar Примено Received | 10.04.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 854/ | – | – |

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација нова студиска програма Европски студии, втор циклус двегодишни студии на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово во соработка со Факултетот за општествени науки при Универзитет во Љубљана**

1. Се акредитира нова студиската програма, **Европски студии, втор циклус студии на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово во соработка со Факултетот за општествени науки при Универзитет во Љубљана** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по европски студии,** научно-истражувачко подрачје: општествени науки - 5, научно истражувачко поле: Правни науки - 508, политички науки 507, научно истражувачки области: - 50701, 50704, 50705, 50710, 50800, 50801, 50806, 50811, 50815.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово во соработка со Факултетот за општествени науки при Универзитет во Љубљана по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на студиската програма Европски студии, како и одлуката на Универзитетскиот сенат за усвојување на студиската програма, достави

елаборат до Одборот за акредитација и евалуација од 22.02.2013 година за прифаќање на елаборатот и акредитација на студиската програма.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 17. седница одржана на 26.02.2013 година формира експертска комисија и на 18. седница одржана на 26.03.2013 година, врз основа на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски